**ОГЛАС**
Датум на објава: 06.08.2020 година

**Рурална Коалиција Куманово**, во рамките на проектот "Родовата еднаквост – клуч за економски силна рурална заедница ", кој што го спроведува во партнерство со здружението на жени фармери Моја Фарма од Гостивар објавува оглас за избор на **дизајнер/ка** за изработка на инфографици за потребите на проектот.

Инфографиците ќе се изработат врз основа на резултатите добиени од истражувањето кое што се спроведува со 300 жени од рурални средини во Полошкиот и Североисточниот регион, а ќе ги содржат и препораките од изработениот документ за јавни политики.

Инфографиците треба да бидат изработени на едноставен и лесно разбирлив начин и истите да може лесно да се споделуваат користејќи ги електронските алатки и социјалните мрежи.

Вкупно ќе се изработат 3 инфографици.

Дизајнерот/ката треба да има солидни познавања од областа на графичкиот дизајн, а претходно искуство и работа со граѓанските организации ќе се смета за предност.

Крајниот резултат кој што треба да се достигне во рамките на оваа активност во проектот е:

2.1. Зголемена информираност и видливост на родовиот економски јаз во руралните средини кај пошироката јавност

Дизајнерот/ката ќе биде ангажиран/а вкупно 3 работни денови.
Кандидатите кои што се заинтересирани за повикот треба да достават професионална биографија (CV) и финансиска понуда најдоцна до **14 август 2020 година во електронска форма** на следнава e-mail адреса: rkoalicija@gmail.com

*П*роектот "Родовата еднаквост - клуч за економски силна рурална заедница" е финансиран како под-грант во рамките на проектот „Градење на капацитетите на МРР и нејзините членки" спроведуван од Мрежата за Рурален Развој, а финансиран од We Effect и **Шведската агенција за меѓународна соработка за развој (Сида).**